МАКЕДОНСКИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕД
СПИСАНИЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО

19 45
МЛД

# КОНГРЕС НА РЕСПИРАТОРНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Здружение на пулмолози на Република Македонија

# CONGRESS OF RESPIRATORY MEDICINE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Society of Pulmonologists of the Republic of Macedonia

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# ABSTRACT BOOK



ISSN 0025-1097

9 770025 109002

**6-9 ОКТОМВРИ OCTOBER 2016** Хотел „Изгрев" - Струга Hotel "Izgrev" - Struga

# 37. ПОВТОРНИ ПРИЕМИ И ПРЕЖИВУВАЊЕ КАЈ ПАЦИЕНТИ ПО ТРЕТМАН СО НИВ ПОРАДИ АКУТНА ЕГЗАЦЕРБАЦИЈА НА ХОББ

**Пejковска С.**, Ќаева Б., Брешковска Г., Гошева З., Арсовски З., Арбутина С., Јанева Е., Зејнел С, Ангеловска И., Дебрешлиоска А.
*ЈЗУ У Клиника за пулмологија и алергологија, Скопје, Македонија*

**Вовед:** Неинвазивна вентилација (НИВ) претставува ефикасен режим за третман кај пациенти со акутна егзацербација на ХОББ (АЕХОББ) од среден и тежок степен.

**Цел:** Проценка на преживувањето и ратата на повторни приеми во тек на 6 месеци по третман со НИВ поради АЕХОББ.

**Пациенти и методи:** Проспективно се анализирани 34 пациенти хоспитализирани на Клиниката за пулмологија поради АЕХОББ во период од 09/2013 до 12/2015, успешно третирани со НИВ и пуштени на домашно лекување.

**Резултати:** М/Ж: 23/11, средна возраст 64г.(+/-10.2), 31 пациент бил на домашна оксигенотерапија, 32/34 биле сегашни (n=19) или бивши пушачи ( n=13). Кај тројца пациенти статусот на преживување беше непознат. 5/31 (16%) починале во тек на 6 месеци по АЕХОББ. Ратата на повторни приеми во тек на 6 месеци по првата егзацербација беше 45%, додека 32% од нив беа хоспитализирани повеќе од еднаш.

**Заклучок:** Потребни се понатамошни истражувања со цел оптимализација на третманот кај пациентите со ХОББ, редукција на хоспитализациите и подобрување на квалитетот на живот.